Снежана АДАМЧЕСКА
Благородна ЛАКИНСКА
Натка МИЦКОВИЌ
Зоран ВЕЛКОВСКИ
Наташа АНГЕЛОСКА – ГАЛЕВСКА

# ЗАКОНСКА И ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од 1.11.1999 година во Република Македонија се реализира Темпус Фаре проект за „Образование и обука на наставниците и обучувачите за реформа на средното стручно образование" чии носители се Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје и Универзитетот за професионално образование Фонтис од Холандија. Проектот се реализира во соработка со Педагошкиот завод на Македонија и две партнерски институции од Австрија, Универзитетот од Клагенфурт и Меѓународната асоцијација за едукација на инжењери - ИГИП.

Аналитичкиот извештај за законската и програмската поставеност на системот на образование и обука на наставниците за средно стручно образование треба да биде во функција на понатамошните проектни активности со кои се предвидува реализација на нов конзистентен систем за иницијално и континуирано образование и обука на наставниците. Реформирањето на системот на средно стручно образование и редефинирањето на неговите цели, задачи, содржини и методи на реализација, е потреба која ја наметнуваат економските и социјалните промени во државата.

## *Образованието и обуката на наставниците за средните стручни училишта во законските документи на РМ*

Образованието на наставните кадри за организирање и изведување на настава во средното образование е регулирано со ***Законот***

***за средното образование од 1995 година*** и измените и дополнувањата на овој закон од 1996 и 1997 година

Средното образование во РМ се остварува во средните училишта, кои се организираат како јавни училишта (државни и општински) и приватни (Закон за средното образование, чл. 2 став 2).

Основачи на средните јавни училишта се владата на РМ или единиците на локалната самоуправа.

Приватни училишта можат да формираат домашни и странски правни и физички лица (ЗСО, член 10, став 2).

Во средното образование се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование (ЗСО, член 2, став 1). Средно образование се остварува и во средните уметнички училишта и во училиштата за хендикепирани ученици (ЗСО, член 132).

Средното стручно образование засега се одвива само во јавни училишта.

Плановите и програмите за јавните училишта ги изготвува Педагошкиот завод на Македонија, а ги донесува министерот (ЗСО, чл. 22)

Наставниците кои работат во средните училишта се третираат како вработени во јавна установа која остварува дејност од јавен интерес (ЗСО, член 2, став 3).

Правните основи на ***статусот на вработените*** во средното образование се содржани во Законот за работни односи и Законот за средното образование. Од заснованиот работен однос вработениот наставник остварува повеќе права кои соодветствуваат на обврските и должностите на работодавецот (државата или општината): право на плата и утврдено работно време, право на пензиско и здравствено осигурување и социјална заштита, право на одмор и отсуство од работа и право на синдикално организирање (Закон за работни односи, глава III, чл.30-75).

***Образованието на наставни кадри*** за изведување на настава во средното образование отсекогаш се вршело на соодветни (наставнички) факултети. По исклучок, за одделни наставни предмети (поради дефицитарност) се вршело прием на кадри со више образование. Законот за средно образование од 1995 година предвидува: „Наставници во средното образование можат да бидат лица кои завршиле

соодветни студии за образование на факултет, висока школа или академија и имаат положено стручен испит“ , а можат да бидат и „лица кои имаат соодветно високо образование стекнато на други факултети, а се здобиле со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.“ (ЗСО, член 59, став 2 и 3).

Факултетите со студии за образование или како што се нарекуваат наставнички факултети, во своите курикулуми имаат застапено наставни предмети за професионално-вокациско образование на идните наставници. Тоа се предметите: психологија, педагогија (заедно со дидактика) и методика. Бројот на овие наставни предмети и фондот на часовите е значајно помал во однос на бројот на предметите и фондот на часовите од стручните предмети на соодветен факултет. Покрај несоодветниот однос помеѓу стручно-научната и педагошко-методската компонента која е различно застапена, редуциран е бројот на часови и вежби, несоодветни се решенијата за хоспитациите и апликативниот ангажман на идните наставници. Оценката дека уште во иницијалното образование се забележува недостаток од психолошко, педагошко и дидактичко-методско образование се однесува на сите наставнички факултети во Земјата: Филозофски, Филолошки, Природно-математички, Факултет за Физичка култура, Ликовна и Музичка академија. Тоа е една од причините што наставниците вработени во средното образование имаат различни разбирања за своите обврски и различен интерес, мотиви и сфаќања за своите професионални компетенции.

Како што претходно беше споменато, во средното стручно образование можат да работат и лица кои стекнале високо образование на други (ненаставнички) факултети. Во средните стручни училишта, по исклучок, практичната настава ја реализираат лица кои завршиле специјалистичко средно или више образование и се стекнале со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветните факултети и имаат положено стручен испит (ЗСО, член 59, став 5 и 6).

Ненаставничките факултети во своите курикулуми (во редовното иницијално образование) немаат застапено наставни предмети за професионално-вокациско образование на наставниците. Во оваа група факултети спаѓаат: техничките, медицинските,

правно-економски, Земјоделско-шумарскиот факултет, Факултетот за туризам.

Нивното вработување е условено со стекнување на педагошка, психолошка и методска подготовка која има улога на компензациска програма на стекнатото иницијално образование. Ваквата педагошка доквалификација за наставниците во средното стручно образование со закон е воведена на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија и Институтот за психологија.

Педагошката доквалификација се изведува со полагање на три наставни предмети: педагогија со дидактика, методика и психологија. За оваа доквалификација не е организирана настава туку студентите самостојно се подготвуваат за полагање на трите испити согласно со изработените програми.

Наставната програма по психологија покрај целите содржи програмски подрачја од областа на општа психологија, развојна психологија, ментална хигиена, психологија на личноста на студентот и наставникот и работа со талентирани ученици.

Во програмата по педагогија покрај целите и задачите застапени се содржините: научниот статус на педагогијата, методологија на истражувањето, фактори за развој на личноста, цели и задачи на воспитанието, воспитно-образовен систем, дидактиката и нејзиниот предмет, дидактички законитости, курикулум, методи и форми на наставна работа, организација на наставата и проблеми сврзани со работата на наставникот.

Наставната програма по методика содржи две програмски подрачја: јазично-научно и природно-математичко подрачје во чии рамки се обработуваат содржини за начинот на изведување на наставата во средното образование.

Испитот за студентите се состои од подготовка на пишуван труд како резултат на присуство на студентот во наставата и устен испит според барањата на наставната програма. Пред да се јави студентот на испит подготува три методски подготовки за час.

Организацијата, содржината и формата на реализација на ваквиот вид подготовка не соодветствуваат на професионалните потреби и интереси на овие наставници кои како личности се формирани врз поинаква професионална филозофија и чија адаптација во улогата на наставник трае подолго и се одвива во наставната практика.

### *Професионализација (усовршување)*

И до донесувањето на актуелниот Закон за средно образование од 1995 година нормативно беше предвидено наставниците перманентно стручно да се усовршуваат. Меѓутоа, главно поради отсуство на материјално-финансиски средства, неизграден систем за реализација на оваа дејност, слабата мотивираност на наставниците и носителите на оваа дејност, таа главно беше препуштена на свеста на самите училишта, односно на наставниците. Оваа дејност и денес се изведува повеќе стихијно отколку организирано, повеќе инцидентно отколку систематски, што значи сè уште во РМ недостасува изграден конзистентен систем за стручно и професионално усовршување.

Во однос на професионализацијата на наставниците, актуелниот закон предвидува:

- Наставникот и стручниот (со)работник-почетник да помине една година како приправник во кое време, со помош на ментор од училиштето, да се оспособи за самостојна воспитно-образовна работа, а за што полага стручен испит во рок од 6 месеци но најдоцна до 1 година по завршувањето на приправничкиот стаж, со посебна програма донесена од Министерството за образование (ЗСО, член 66 и 67).

- Директорите, наставниците и стручните соработници се должни перманентно стручно да се усовршуваат во текот на својот работен век (ЗСО, чл.68). Во став 2 на истиот член се нагласува: „Стручното и педагошкото усовршување го организира и остварува Педагошкиот завод на Македонија, наставничките факултети и специјализирани јавни установи". (Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, 1997, член 7).

- Наставниците и стручните соработници да се оценуваат на две години од комисија чии членови се директорот, стручниот соработник од училиштето и соодветниот советник од Педагошкиот завод на Македонија. Резултатите од оценувањето овозможуваат стекнување на звања (ЗСО, чл. 69).

Досегашните искуства покажуваат дека во професионализацијата на наставниците се присутни низа недоследности кои се однесуваат на следниве моменти:

- отсуство на национални програми за обука;

- недоволна соработка на Педагошкиот завод и факултетите;
- отсуство на континуирана и конзистентна педагошка и методска обука;
- доминација на струково насочена обука (стручно усовршување по предмети);
- отсуство на интегрална (стручна и педагошка) обука на наставникот што условува недоволно изградена професионална компетентност и сигурност во работата на наставникот;
- парцијална, повремена и несистематска обука која е резултат на организационата поставеност и кадровската структура на Педагошкиот завод на Македонија (недоволен број советници и сл.);

За градење на системот на професионализација на наставниците значајни се и следните претпоставки:
- мотивацијата на наставниците за поголема професионализација преку материјални и други награди;
- решавање на прашањето на финансирање на оваа дејност (училиштата немаат наменски средства за тоа);
- компетентност на субјектите задолжени за реализирање на оваа дејност.

## СРЕДНОРОЧНА И ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА

### *Промени - зошто?*

Реформата на стручното образование и обука бара обучени наставници чија улога постепено се менува од пренесување на знаења до организирање на средина за учење. Исто така, потребни се директори кои се способни да ги исполнат новите задачи за управување со стручните училишта каде што се во тек радикални промени. Досега, само директорите и некои наставници од пилот-училиштата на Фаре

добиле помош за приспособување на новите услови на стручното образование и обука. Иницијалното образование на наставниците сѐ уште се изведува според традиционалните методи, кои се карактеризираат со дисконтинуитет на теоретската и практичната обука. Не постои организиран систем за усовршување на наставниците и повеќето од нив не се запознати со промените во светот на работа и недоволно се подготвени за работа со возрасни. Статусот и работните услови на наставниците се драстично нарушени.

***Промени - од каков вид?***

- Модернизација на системот на иницијалното образование на наставниците.
- Развој на систем на усовршување на наставниците (и вработени и невработени) вклучувајќи флексибилни форми на учење.
- Зајакнување на врските на стручното образование со претпријатијата.
- Подобрување на статусот, работните услови и можностите за поуспешна кариера на наставниците.

***Мерки што треба да се преземат***

- Подобрување на квалификациите на наставниците во институциите за иницијално образование преку модернизација на наставните планови и програми.
- Создавање на капацитети (материјални, институционални и наставен кадар) за усовршување на наставниците.
- Усовршување на знаењето, искуството и разбирањето на наставниците од стручните училишта за светот на работата.
- Вклучување на андрагошката обука во системот за обука на наставниците, со цел тие да се подготват за работа со возрасни.
- Воспоставување на ресурсни центри за наставниците.
- Развој на системи за обука на училишните директори и стручните соработници.
- Обука на наставниците за понатамошно иновирање на наставните планови и програми.

## *Краткорочни, среднорочни и долгорочни цели*

| Краткорочни цели<br><br>2000-01 год. | Среднорочни цели<br><br>2003 год. | Долгорочни цели<br><br>2010 год. |
|---|---|---|
| - Обезбедување на континуирана обука за сите директори, координатори и наставници коишто се вклучени во Програмата на Фаре.<br>- Развој на систем за усовршување на наставниците.<br>- Развој на свеста за новата улога на наставниците и зголемување на способностите за самообразование. | - Развој на обука за усовршување на сите директори и наставници во стручните училишта.<br><br>- Создавање на ресурсни центри за стручните наставници и инструктори. | - Имплементација на нов систем за иницијално образование и систем за стручно усовршување на наставниците во стручното образование. |

## ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

### *Институции и организации*

Главни носители на андрагошката дејност во Република Македонија се работничките унверзитети. Покрај нив, со образование на возрасни се бават и мал број центри за образование на возрасни, пред сè за учење странски јазици или компјутерско описменување. Персоналот вработен во установите за образование на возрасните е претежно со завршено високо образование. Основен недостаток на овој кадар е неговата слаба оспособеност за работа со возрасни.

Образовната мобилност на возрасните во рамките на основното и средното образование е повеќе од загрижувачка. Може да се констатира драстично опаѓање не само на бројот на училиштата за основно образование на возрасните туку и на бројот на посетителите. Од 30 основни училишта за возрасни во 1987/88 година тие се намалиле на само 17 во 1995/96 година. Паралелно со ова се намалува и бројот на слушателите.

Образованието на возрасните на ниво на средно училиште скоро и да не постои во Република Македонија. Со укинувањето на средните вечерни училишта за возрасни (1987 г.) овој ангажман на возрасните како дејност на андрагошките установи престана да постои. Одредени чекори за заживување на оваа дејност има во 1997 година, како последица од потребата за преквалификација на работниците кои ги изгубиле своите работни места, „по заслуга“ на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

### *Политика и законодавство*

Дефинирана стратегија за развој, организација и реализација на образованието на возрасните во Република Македонија не постои. Досегашна практика беше прашањето на образованието на возрасните т.е. системот на установите и формите на образование на возрасни да се врзува за законските акти кои се однесуваа на формалното образование. Така, во рамките на законите за основно и средно образование беше регулирана и дејноста - образование на возрасни. Во последно време, со започнување на реформските активности во сферата на образованието воочена е потребата од издвојување на овој сегмент и во процедура е донесување на посебен Закон за образование на возрасните. Треба да се истакне дека во рамките на државните стратегии за развој на останатите сегменти од образовниот систем во Република Македонија свое место зазема и образованието на возрасните.

### *Управување и финансирање*

Во недостиг на државна регулатива која ќе го покрие прашањето на образованието на возрасните, управувањето во оваа сфера се

одвива на ниво на Здруженија на установи за образование на возрасни. Така, на пример, *Сојузот на работничките универзитети* во Република Македонија е единствено тело кое ја регулира дејноста во овие установи и ја координира работата на ниво на држава. Меѓутоа, надвор од овој Сојуз остануваат мноштво центри за образование на возрасни кои својата дејност ја регулираат интерно и во согласност со сопствените стратегии за развој.

Финансирањето на установите за образование на возрасните е препуштено на самите установи. Државата само симболично учествува во финансирање на државните установи за образование на возрасните. Поради тоа, тие се ориентирани пазарно и најголемиот дел од финансиите за сопствената дејност ги стекнуваат од самите образовни партиципиенти. Приватните установи за образование на возрасните исто така се финансираат самостојно.

### *Држава, пазар и понудувачи на услуги*

Образованието на возрасните е под директна ингеренција на Министерството за образование. Посебен оддел кој ќе се бави со образованието на возрасните во Министерството не постои. Целокупната дејност се покрива во рамките на посебните сектори за основно, средно и високо образование кои постојат во ова Министерство.

Прецизна анализа на пазарот на даватели и корисници на образовни услуги во Република Македонија не постои. Постојат само поединечни напори од страна на Министерството за образование за анализа на пазарот на трудот кои се дел од севкупните зафати за реформа на средното стручно образование.

### *Образование и истражување*

Институција која се бави со истражување на образованието на возрасните во Република Македонија е Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. На оваа институција постои и посебен смер (андрагошки) кој продуцира дипломирани педагози/андрагози, т.е кадар чија специјалност ќе биде образованието на возрасни.

Проучувањето на образованието на возрасните е дел и од работата на поединци вработени во Институтот за педагогија и на Педагошкиот Завод на Македонија но во помал обем и претежно на ниво на обука на наставници.

### *Трендови и иднина*

Во рамките на државните стратегии за развој на образованието во Република Македонија е зацртано донесување на Закон за образование на возрасните и воспоставување на систем за образование на возрасните. Со ова се очекува целокупната дејност на планот на образованието на возрасните да ја добие својата легислатива, да се воспостави систем на даватели на образовни услуги, прецизирање на дејноста на установите за образование на возрасни, поврзување на формалното образование со неформалните облици на образование на возрасни во кое и редовните училишта ќе се јавуваат како институции за образование на возрасни, регулирање на прашањето на финансирањето на образованието на возрасните и сл. Истовремено се предвидува поголема поврзаност на пазарот на трудот и стопанството со институциите за образование на возрасните. Анализата на образовните потреби на возрасните (на државно и индивидуално ниво) е составен дел од овие настојувања.

**Клучни зборови:** наставници, средно стручно образование, професионализација, обука, образование на возрасни.

## Референци


- *Закон за средното образование* (1995), Службен весник на Република Македонија, бр. 44.
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование* (1997), Службен весник на Република Македонија, бр. 35.
- *Закон за работни односи* (1993), Службен весник на Република Македонија, бр. 80.
- *Стратешко планирање на реформата на стручното образование и обука во Македонија*, Integrated Phare Vocational Education and Training Reform Programme (1998), PHARE Скопје, 1998 (интерен материјал).

## SUMMARY

Snežana ADAMČESKA
Blagorodna LAKINSKA
Natka MICKOVIĆ
Zoran VELKOVSKI
Nataša ANGELOSKA – GALEVSKA

## ANALYSIS REPORT OF MACEDONIAN LAWS AND PROGRAMMES ON TEACHERS' AND TRAINERS' TRAINING & RETRAINING FOR SECONDARY VET

The reform of professional education and training requires trained teachers whose role will change gradually from conveyance of knowledge to organization of learning environment. Also, principals are needed who will be capable of completing new tasks of management of VET schools where radical changes are in progress. Until now, only the principals and some teachers from the PHARE pilot-schools, have gained help for adjustment to the new conditions. The initial education of the teachers is still carried out by traditional methods, which are characterized by this continuity of theoretical and practical training. There is no organized teacher training system and most of the teachers are not acquainted with the changes in the labor market and are not prepared enough to work with adults. The status and working conditions of the teachers are drastically deranged.

***Changes - Of what kind?***

- Modernization of the system of initial education of teachers
- Development of a training system for teachers (employed and unemployed) including flexible forms of learning
- Reinforcement of connections of professional education with the enterprises
- Improvement of the status, working conditions and possibilities for more successful career of the teachers

***Measures to undertake***

- Improvement of the teacher's qualification in institutions for initial education through modernization of the syllabi

- Creation of capacities (material, institutional and teaching staff) for edification of teachers
- Improvement of knowledge, experience and comprehension of professional secondary school teachers about the labour market
- Insertion of andragogical training in the training system for teachers in order to prepare them for work with adults
- Establishment of resource centers for teachers
- Developing training systems for school principals and professional associates
- Training of teachers for future inovation of curriculums[1]

[1] (Извештајот е подготвен од работната група на проектот во состав: д-р Снежана Адамческа, д-р Натка Мицковиќ, д-р Благородна Лакинска, д-р Зоран Велковски и д-р Наташа Ангелоска - Галевска)